***Каде можам да го употребам добиениот GS1 број?***

GS1 бројот можете да го употребите за означување на своите артикли, услуги, локации, транспортни единици и тн., односно секаде каде што постои потреба за идентификација на Вашите производи, или потреба од брзо и точно читање на баркодираните информации.

***Да ли постои законска обврска секој производ во Македонија да има свој бар код?***
Не, но трговијата не може да ја прифати стоката што нема бар код.

***Да ли постои законска обврска извозниот производ да има бар код?***
Не, доколку странскиот купувач ја прифати стоката без бар код, или во случај да ја препакува и стави негов бар код, со што Вашата фирма го губи идентитетот.

***Во Македонија произведуваме странски производ по лиценца. Мораме ли на него да ставиме наш бар код?***
Да, бидејќи бар кодот првенствено го означува потеклото, те. земјата на производство.

***Увезуваме веќе баркодиран производ. Мораме ли на него да ставиме наш бар код?***
Не. Еднаш баркодиран производ со GS1 баркод не треба повторно да се означува бидејки е веќе баркодиран по меѓународни GS1 стандарди.

***Што да правам кога ќе ги искористам сите броеви, односно доделениот капацитет за баркодирање?***
Треба да се јавите во GS1 Македонија и ќе Ви се додели нов GS1 број или ќе Ви се зголеми правото за баркодирање на веќе доделениот GS1 број.

***Да ли членарината важи само за годината во која сум се зачленил во GS1 Македонија?***
Не, без оглед во кој период од годината сте се зачлениле во GS1 Македонија, членарината важи 12 месеци од денот на зачленувањето. Во зависност од кварталот на годината во каја е извршено зачленувањето, фактурирањето на членарината се врши во почетокот на кваралот, и тоа во Јануари, Април, Јули и Октомври.

GS1 Македонија


**GS1 Македонија**

Ул. Маршал Тито бр.19
Скопје 1000
Република Македонија

***Директор:***
***Слаѓана Милутиновиќ***
Тел: (02) 32 54 250

***Соработници:***
*Билјана Рембоска*
Тел: (02) 32 54 251
*Валентина Цветковска*
Тел: (02) 32 54 252
*Биљана Азеска*
Тел: (02) 32 54 253
Срѓан Милутиновиќ
Тел: (02) 32 54 255

**Факс: (02) 32 54 254**
**E-mail: gs1mk@gs1mk.org.mk**


**www.gs1mk.org.mk**
**www.gs1.org**
**www.gs1.eu**



GS1 Македонија

Асоцијација за GS1 стандарди
GS1 Македонија

# СЕ ШТО ТРЕБА ДА ЗНАМ ЗА БАР КОДИРАЊЕТО




**GS1 Macedonia**

**CONNECTING BUSINESS**
**CREATING VALUE**

GS1 Македонија е Ваша единствена организација која има ексклузивни права да управува, обезбедува единственост и интегритет на GS1 системот на територијата на Република Македонија и да доделува GS1 идентификациони броеви (Единствен Матичен GS1 Број GS1 ЕМБ) на сите заинтересирани компании за баркодирање на производите и услугите.

Со цел да Ви помогнеме во Вашето донесување одлука за зачленување во GS1 Македонија, или во добивање одговор на Вашите прашања и расчистување на дилемите, доколку сте веќе членка на GS1 Македонија, ги презентираме најчесто Поставуваните прашања со дадените одговори.

***Што е GS1 систем?***

GS1 систем е единствен меѓународен систем на стандарди за идентификација на производите, услугите, транспортните единици, средствата и локацијата. Тој овозможува стандардизација и унификација на трговијата во светски рамки.

***Што се GS1 стандарди?***

GS1 стандардите се меѓународен систем на стандарди што се применуваат за кодирање и идентификација на разни објекти и овозможуваат обавување на електронската трговија.

***Што е Единствен Матичен GS1 Број (GS1 ЕМБ)?***

GS1 ЕМБ (Company Number) го доделува GS1 Македонија при Вашето зачленување согласно со светските стандарди. Тоа е Матичен број кој во национални рамки е единствен и резервиран само за Вашата фирма, со кој Вие и Вашите производи се идентификувате во домашниот и светскиот трговски и дистрибутивен систем. Во зависност од резервираниот капацитет за баркодирање, доделениот GS1 ЕМБ број е составен од 4 бројки (за 100,000 артикли) до 7 бројки (за 100 артикли).

***Што е GS1 број?***

Кога на Вашиот Единствен Матичен GS1 број се придодаде префиксот на националната GS1 организација, се формира GS1 број (Company Prefix) којшто, не само во национални, туку и во меѓународни рамки е единствен и резервиран само за Вашата компанија. Во зависност од резервираниот капацитет за баркодирање, доделениот GS1 број е составен од 7 бројки (за 100,000) артикли до 10 бројки ( за 100 артикли). Меѓународниот префикс на Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите GS1 Македонија е 531, доделен од Меѓународната GS1 организација.

***Да ли првите бројки говорат за земјата од каде потекнува производот?***

Не. Првите бројки се однесуваат на националната организација (членка на Меѓународната GS1 организација), која на компанијата го доделила GS1 бројот. Самите производи можат да бидат произведени било каде во светот.

На пример, GS1 броевите што започнуваат со 531 се доделени од GS1 Македонија на компаниите членки на GS1 Македонија, но компанијата не мора да произведува во Македонија. Истото се однесува и на сите останати национални GS1 организации и на нивните префикси, кои што можат да бидат со две или три бројки.

***Што е GS1 бар код симбол?***

GS1 бар код симболот е GS1 шифра, графички претставена во вид на правоаголна површина што ја сочинуваат низа од темни риги и светли меѓупростори што овозможуваат електронската опрема да ја прочита деловната информација содржана во нив.

***Што е бар код симбологија?***

Симбологијата е збир на правила што го дефинираат кодирањето на различните знакови со помош на различниот распоред и густина на темните риги и светлите меѓупростори.

***Да ли по воведување на бар код мораме да го смениме системот на номенклатура на артиклите, деловите и тн.?***

Не. Бар кодот не менува ШТО внесувате, туку КАКО внесувате. Наместо рачно внесување на шифрите или преку тастатура, скенерот го чита бар кодот, го декодира и ги праќа податоците директно во компјутер. Значи, Вашите интерни броеви не мора да се сменат за да се примени бар код идентификација.

***Да ли бојата на бар кодот мора секогашда биде црно бела?***

Не. Можете да правите комбинација на боите за темните риги и светлите меѓупростори, но според одредени правила за што ќе добиете информации во Службата на GS1Македонија.

***Нема доволно место на етикетета. Да ли можам да го намалам симболот***?

Не. Никакво скратување и дотерување на постојниот GS1 симбол со разни програми за обработка не е дозволено. GS1 симбол треба повторно да се изработи и тогаш може да се користи факторот за зголемување (намалување) што ги утврдила GS1 организцијата, за 25 големини во однос на номиналната големина. и се движат од 0,8 до 2,0.

За исклучително мали пакувања треба да се јавите во GS1 Македонија за да добиете GS1-8 број.

***Добив GS1 бар код симбол на хартија. Да ли со снимање можам да го намалам?***

Не. Намалување или зголемување на симболот може да се изврши само со користење на утврдените стандарди со помош на специјални компјутерски програми според GS1 спецификациите, а не со било какво фотографско снимање. Податоците за висината на симболот, ширината и тн. се внесуваат во компјутер, кој ги обработува и репродуцира на излезната единица.

***Да ли со овој број можам да ја обележувам и другата стока што не сум ја пријавил при зачленувањето во GS1Македонија?***

Да. За сите дејности за кои што сте регистрирани во Прилог бр. 3 од Решението од Централен регистар на РМ, но имате обврска редовно да водите Регистар на баркодираните артикли и да го доставувате до GS1 Македонија. Регистарот (Формулари 02 и 03) може да се преземе (во pdf форма) од web-страната на GS1 Македонија.

***Да ли со истиот број ги означувам и збирните пакувања?***

Не. Секое збирно пакување добива нов број, којшто се разликува од бројот на артиклот што се наоѓа во збирното пакување.

***Да ли можам дел од своеѳто право за баркодирање на определен број артикли да дадам на друга фирма?***

Не. Согласно стандардите на GS1 системот строго е забрането отстапување или продавање на дел од Вашиот доделен капацитет (100, 1000, 10,000 и 100,000) за баркодирање на артикли и се смета за злоупотреба, што повлекува исклучување од членството на GS1 Македонија, одземање на бројот и други консеквенци.

***Да ли на веќе изготвени етикети можам да вградам GS1 бар код симбол?***

Да. Доколку изготвите самолепливи етикети со бар кодот.

***Како можам за своите производи да добијам GS1 број за баркодирање?***

Едноставно. По телефон или е-маил , или по пошта контактирајте со GS1 Македонија и ние Ви испраќаме Пристапница и Формулар GS1-01; пополнети ни ги враќате, Ви испраќаме фактура и по нејзината уплата доаѓате во GS1 Македонија и добивате Ваш Единствен GS1 ЕМБ број за бар кодирање на Вашите производи. Пристапницата и Формуларот GS1-01 можат да се преземат (во pdf форма) од web-страната на GS1 Македонија.

***Кои се правата и обврските на членките на GS1 Македонија?***

-да ги почитуваат одредбите од Статутот и Договорот што се однесуваат на нив;

-строго да се придржуваат кон правилата и стандардите на GS1 системот;

-редовно да ја плаќаат годишната членарина;

-доделениот GS1 број да го користат само за потребите на својата фирма;

-доколку не го користат повеќе GS1 бројот за баркодирање на своите производи, писмено да се откажат од членството во GS1 Македонија и го вратат оригиналното решение за доделениот GS1 број, или да го сменат својот статус од активна во пасивна членка на GS1 Македонија

-да ја преземат одговорноста за штетите причинети со своето несовесно работење од областа на GS1 системот.